Кој ќе изгради џамија за Аллах, Аллах ќе му изгради слична на неа во Џенетот.‘“

Од Махмуд ибн Лебид, радијаллаху анху, се пренесува дека Осман ибн Афан, радијаллаху анху, сакал да ја прошири и обнови џамијата (на Аллаховиот Пратеник, алејхис-селам), но на некои луѓе не им се допаднало тоа и повеќе сакале таа да остане во својата оригинална форма. Тогаш тој рекол: „Го слушнав Пратеникот како вели: ‚Кој ќе изгради џамија за Аллах, Аллах ќе му изгради слична на неа во Џенетот.‘“

[متفق عليه] [صحيح]

Осман ибн Афан, радијаллаху анху, сакал да ја обнови Пратеничката џамија и да ја изгради во подобра состојба отколку што била претходно. Но, на луѓето тоа не им се допаѓало, бидејќи тоа ќе значело промена на изгледот што го имала џамијата за време на животот на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем. Џамијата тогаш била изградена од земјени тули, а покривот ѝ бил од палмини гранки. Осман, пак, сакал да ја изгради од камен и малтер. Затоа Осман, радијаллаху анху, им објаснил дека слушнал од Пратеникот салаллаху алејхи ве селем, дека рекол: „Кој ќе изгради џамија барајќи го Аллаховото задоволство, а не за покажување или стекнување углед, Аллах ќе му даде најдобра награда со ист вид на дело — ќе му изгради слична на неа во Џенетот.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65089